Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект ХОТЕЛ РОМАНТИК со седиште на ул.Маршал Тито бр.19 Стар Дојран, ги исполнува условите за Хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ДУУ РОМАНТИК ХОТЕЛИ ДООЕЛ – Велес, со седиште на ул. 8-ми Септември бр.57 Велес, поднесе барање бр. 13-4649/1 од 5.8.2016 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ РОМАНТИК, со седиште на ул. Маршал Тито бр. 19 Стар Дојран, за хотел од втора категорија со четири ѕвезди супериор.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. 13-4649/2 од 8.11.2016 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири ѕвезди супериор пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.